# С О Д Р Ж И Н А

Заедница

Активности на заедницата .......................................... 2

Образовна програма

Вики Клубови .......................................... 3

Вики Камп ............................................ 3

Конференција за наставници .......................................... 4

ГЛАМ програма

Активности .......................................... 5



**ГЛАМ МАКЕДОНИЈА**, Ул. „Будимпештанска“, бр. 33Б, 1000 Скопје
+389 (0)78 416 754 glammacedonia@gmail.com
www.glammacedonia.mk www.wikicamp.mk

## ЗАЕДНИЦА

### Активности на заедницата

Во 2018 година во врска со активностите на заедницата, ГЛАМ Македонија се покажа продуктивна и ефективна, ги оствари своите цели кои беа поставени претходно. Организацијата и членовите вложија напори во промовирање на идејата за слободно знаење, како и создавањето на слободно знаење достапно за општата публика. Неколку активности го одбележаа прогресот на заедницата, од кои најзабележливи за споменување се: соработката со волонтерите од Викимедијанци на Република Српска, соработката со мешаниот хор „Артизан“ и неговите членови, соработката со Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ од Скопје при организирањето на отворената панел дискусија за потребата на дигитализација во 21 век, учеството на неколку конференции: конференцијата ВикиЛајв (WikiLife) 2018 во Белград, Србија, учеството на Источно европскиот едитатон (edit-a-thon) што се одвиваше во Софија, и работилницата во чест на унгарскиот празник 23 октомври.

Потоа, вреди да се спомене зголеменото присуство на наши настани на социјалните медиуми. Покрај функционалните интернет страници за активностите на ГЛАМ Македонија (http://glammacedonia.mk/mk/) и за Вики Камповите (http://wikicamp.mk/), нашите активности беа промовирани преку медиумите. Членовите на ГЛАМ Македонија активно ги користеа социјалните медиуми за да ја расшират идејата за промовирање на слободното знаење и неговото користење во професионални и истражувачки ангажмани.

Заедницата на ГЛАМ Македонија, членовите и волонтерите, учат многу од конференциите организирани на меѓународно ниво. ГЛАМ Македонија испрати претставник на конференцијата за Средна и Источна Европа што се одржа во Лавов, Украина, како и на ГЛАМ конференцијата во Тел Авив, Израел. Претставниците на овие



GLAM MACEDONIA
**ГЛАМ МАКЕДОНИЈА**, Ул. „Будимпештанска“, бр. 33Б, 1000 Скопје
+389 (0)78 416 754 glammacedonia@gmail.com
www.glammacedonia.mk www.wikicamp.mk

конференции значително ги збогатија идеите за нови проекти и активности по конференциите и разменија искуства и идејни проекти со колеги од целиот свет. Свежите идеи и новиот бран на ентузијазам што се шират меѓу членовите на ГЛАМ Македонија се евидентни.

Членовите на ГЛАМ Македонија и пријателите беа вклучени во 13 медиумски интервјуа или споменувања на нашите активности, вклучувајќи појавување во утринската програма на националната телевизија.

**<u>Спроведени активности во 2018 година поврзани со Заедницата:</u>**

**а) Соработка со „Браќа Миладоновци“**

На 18 јануари 2018 година, ГЛАМ Македонија во соработка со Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ организираше јавна отворена панел дискусија на тема „Важноста од диготализацијата во 21 век“. Овој настан беше организиран за да се промовира идејата за дигитализацијата на материјалното пишано добро и придобивките од истото. Дополнително, оваа панел дискусија беше организирана во чест на 17-от роденден на Википедија, како и поддршка за кампањата за референци и библиотеки ( #1Lib1Ref campaign).

На самата панел дискусија, збор имаа следниве гости:

- Јасмина Најдовска, советник за архивски материјал, нов период, од Државниот Архив на Република Македонија,
- Даниела Митевска, едукатор по историја при Музејот на македонската борба во Скопје,
- Гордана Андреева, програмски менаџер на Градската библиотека, и
- Гордана Јовиќ Стојковска, матичен Википедијанец при Градската библиотека



**ГЛАМ МАКЕДОНИЈА**, Ул. „Будимпештанска“, бр. 33Б, 1000 Скопје
+389 (0)78 416 754 glammacedonia@gmail.com
www.glammacedonia.mk www.wikicamp.mk

Самиот настан беше медиумски покриен од националната телевизија и интернет страницата на Градската Библиотека „Браќа Миладиновци“. Фотографскиот материјал од панел дискусијата може да се погледне тука, а објава за истото може да се прочита на следната мрежна страница.

**Унгарска работилница**



На 24 октомври 2018 организиравме работилница во чест на унгарскиот државен празник – 23 октомври. Настанот се одвиваше во просториите на Здружението на Унгарците во Македонија, Теледом, а сите вклучени беа членови на Вики Клубот од Скопје. Во текот на три часа заедничко уредување, беа создадени 14 нови статии на Википедија на македонски јазик, сите биографии на луѓе кои биле вклучени во Унгарската револуција од 1956 година. На сите учесници им беше дадена двојазична книга за Унгарците во Македонија и сертификати за учество.

Во првата половина од ноември 2018, ГЛАМ Македонија испрати тројца учесници на Источно европскиот едитатон во Софија, кој беше во организација на Гете институтот во Софија.



GLAM MACEDONIA

**ГЛАМ МАКЕДОНИЈА**, Ул. „Будимпештанска“, бр. 33Б, 1000 Скопје
+389 (0)78 416 754 glammacedonia@gmail.com
www.glammacedonia.mk www.wikicamp.mk

## ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА

### Вики клубови

Образовната програма на ГЛАМ Македонија е во постојан пораст. Успешноста може да се согледа преку неколку мерки кои се видливи. Неколку важни активности и настани ја одбележија образовната програма на ГЛАМ Македонија во 2018 година, сите поврзани со Вики Клубовите и нивната активност.

Годината 2018 беше успешна поради отворање на два нови Вики Клубови во Македонија, едниот во Охрид, во јануари 2018 г, и другиот во Штип, во септември 2018 година. Покрај постоечките клубови во Скопје и Старо Нагоричане, ова е бројка од 4 активни Вики Клубови со кои раководи ГЛАМ Македонија. Имаме 10 координатори за образование и соработка со најмалку 20 училишта низ државата.

Накратко за резултатите:

- Два нови Вики Клуба, во Охрид и Штип,

| | | |
|---|---|---|
| Сумарни податоци за заедницата за 2018 година | Членството да се зголеми од 67 на 114 членови | Бројот на членови со потпишана пристапница е 114 |
| | Зголемување на видливоста на Организацијата преку социјалните медиуми | Покрај ФБ страницата, двете интернет страници и блогот, членовите на ГЛАМ Македонија се појавија на 13 интервјуа или споменувања во медиумите |

- вкупно 127 нови членови
- 1240 нови статии на Македонската Википедија
- 1980 проширени или подобрени статии на Македонската Википедија


Обична работна средба во Вики Клуб во Скопје


Работилница во Вики Клубот во Штип


Учесниците во работилница одржана во Охрид на 31 март 2018

| Образовна програма | Цели | Статус на напредок | Опис |
|---|---|---|---|
| Цели и резултати | Да се отвори барем еден нов Вики Клуб | **200%** | Два нови Вики Клуба бра отворени |
| | Најмалку 100 нови членови | **127%** | 127 нови членови во 2018 г. |
| | Најмалку 760 страници нови или подобрени | **423,7%** | 3220 вкупно нови и подобрени страници во 2018 г. |

## Вики камп

Вики Кампот што се одржа во Дојран, беше за време на викендот 7-9 септември 2018 г. Кампот беше успешно и професионално организиран камп за малолетни ученици, кои уредуваа статии на Википедија на македонски јазик. Кампот постигна огромен успех во врска со очекуваните и постигнатите резултати. Учествуваа 56 лица, од кои 46



**ГЛАМ МАКЕДОНИЈА**, Ул. „Будимпештанска“, бр. 33Б, 1000 Скопје
+389 (0)78 416 754 glammacedonia@gmail.com
www.glammacedonia.mk www.wikicamp.mk

ученици, двајца предавачи, а останатите беа наставници и членови-волонтери на ГЛАМ Македонија. Учениците беа од 10 училишта, сите од различни градови од Македонија. Директен резултат на Кампот беа 300 нови статии на Македонската Википедија, како и започната соработка со едно ново училиште. Од учениците, 28 од нив беа веќе обучени Википедијанци, а 18 беа нови, кои на кампот беа обучени за уредување на Википедија.

Првата вечер, учесниците беа поделени во две групи: во едната се подучуваа новите, а во другата група беа веќе обучените Википедијанци кои учеа нови вештини во уредувањето. Вториот ден беа одржани две предавања: за фотографија и за напредно уредување. Третиот ден, по утринската гимнастика, појадокот и заедничкото уредување, на најуспешните им беа доделени награди. По ручекот, сите ученици беа вратени во Скопје, од каде учесниците од другите градови продолжија со регуларен превоз до свјот град.

- Службено мрежно место за Вики Кампот
- Проектната страница на Македонската Википедија
- Фотографски материјал за Вики кампот

**Лого на Вики Камп Дојран 2018**



**Учесниците пред познатиот знак на Дојран**



**Утрински вежби на уесниците**



**Заедничко уредување**



**Предавање на Вики кампот**



**Заедничко уредување**



**ГЛАМ МАКЕДОНИЈА**, Ул. „Будимпештанска“, бр. 33Б, 1000 Скопје
+389 (0)78 416 754 glammacedonia@gmail.com
www.glammacedonia.mk www.wikicamp.mk

## Конференција за наставници

На 16 ноември 2018 година беше одржана годинешната Вики Конференција за наставници во Охрид. Учествуваа 67 наставници од Македонија. Интересот за учество беше голем. Тројцата предавачи, сите членови на ГЛАМ Македонија, од кои две се наставнички, дадоа воведен говор за Википедија, како и можносите за тоа како се користи Википедија во наставата. Предавачите на овогодинешната конференција беа:

- Снежана Штрковска – претседател на ГЛАМ Македонија и професор по македонски јазик за средно образование
- Наташа Неданоска – координатор за образование при ГЛАМ Македонија и наставниик по македонски јаазик во основно училиште
- Гордана Јовиќ-Стојковска – член на ИО на ГЛАМ Македонија, писател

По конференцијата, сите учесници пополнија прашалник, а резултатите беа воодушевувачки: 42% од учесниците изјавија дека се спремни да го употребат наученото во училница, 25 учесници сакаат да се приклучат кон активностите на ГЛАМ Македонија, и 72% од учесниците сметаат дека прирачникот е корисен, „Како наставниците предаваат со Википедија“.

Проектната страница на Македонската Википедија заедно со целосната програма и сите резултатит од прашалникот на следниот линк: Проектна страница

## ГЛАМ ПРОГРАМА

## Активности



ГЛАМ МАКЕДОНИЈА, Ул. „Будимпештанска“, бр. 33Б, 1000 Скопје
+389 (0)78 416 754 glammacedonia@gmail.com
www.glammacedonia.mk www.wikicamp.mk

ГЛАМ Македонија ја заврши 2018 година многу успешно и продуктивно кога се во прашање ГЛАМ (галериии, библиотеки, архиви и музеи) активностите, кои може да се поделат на два аспекта: Матични Википедијанци и соработка со ГЛАМ институции.



**Археолошкиот музеј во Скопје.**

Годината беше успешна за ГЛАМ Македонија посебно во врска со продлабочување и зајакнување на соработката со институциите од ГЛАМ секторот (галерии, библиотеки, архиви, музеи и сродни институции). На почеток на годината, ја обновивме соработката со Државниот Архив на РМ, како и со Музејот на македонската борба во Скопје. Со гордост може да истакнеме дека Државниот архив покажа интерес за понатамошна соработка и прими Википедијанец како матичен во 2018 година, кој продолжува да работи со вработените во Архивот заради проверка на постоечките статии како и создавање на нови. Со Градската библиотека ,,Браќа Миладиновци“ од Скопје исто така потпишавме обновен договор за соработка, со која остваривме неколку соработки: беа организирани неколку Прошетки низ библиотеката за Википедијанци, беше испратен матичен Википедијанец кој користејќи ги материјалите дадени од библитеката организираше неколку заеднички уредувања на статии на Македонската Википедија, како и организирање на јавна панел дискусија на тема ,,Потребата од дигитализација во 21 век“.

Нови договори за соработка беа потпишани со Институтот за национална историја и со Археолошкиот музеј во Скопје. Во соработка со ИНИ беа создадени и



**ГЛАМ МАКЕДОНИЈА**, Ул. „Будимпештанска“, бр. 33Б, 1000 Скопје
+389 (0)78 416 754 glammacedonia@gmail.com
www.glammacedonia.mk www.wikicamp.mk

проверени постоечки статии на Википедија на македонски јазик за партизанскиот период од историјата на РМ.

Активностите поврзани со соработката со ГЛАМ институциите резултираа со:

- ~500 додадени референци на постоечки статии на Македонската Википедија
- 750 статии беа создадени или подобрени во текот на 2018 користејќи ги материјалите дадени од ГЛАМ институциите
- 25 фотографии беа закачени за употреба на Википедија
- 5 волонтери, вработени во ГЛАМ институции беа обучени за уредување на Википедија
- Википедијанецот во Градската библиотека одржа мини тренинг за уредување на Википедија на група студенти
- беа организирани и спроведени 8 настани: 3 прошетки за Википедијанци, 3 уредувачки денови и викенди, 1 панел дискусија, 1 предавање за Википедија при прославата „Пет години музејска едукација“ во Музејот на македонската борба во Скопје.
- 1 книга ослободена за употреба на Википедија

На 28 септември 2018 г. Беше организирана Вики Прошетка низ Археолошкиот музеј во Скопје, како резултат на потпишаниот договор за соработка со оваа институција.

Во Воениот музеј беше организирана прошетка и тричасовно уредување на теми НАТО, сите 14 создадени статии беа биографии на генерални секретари на НАТО.

| **ГЛАМ програма** | **Цел** | **Статус** | **Опис** |
|---|---|---|---|



**ГЛАМ МАКЕДОНИЈА**, Ул. „Будимпештанска“, бр. 33Б, 1000 Скопје
+389 (0)78 416 754 glammacedonia@gmail.com
www.glammacedonia.mk www.wikicamp.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Цели и резултати | Барем две соработки преку матичен Википедијанец | **100%** | Двајца матични Википедијанци беа испратени во Градската библиотека и во ИНИ |
| | Барем две нови соработки за договор | **100%** | Две нови договори: со ИНИ и Археолошки Музеј |
| | Барем 8 настани поврзани со ГЛАМ исчтитуциите | **100%** | 8 настани беа организирани со ГЛАМ институциите |
| | Најмалку 500 референци додадени на постоечките статии | **100%** | Повеќе од 500 референци беа додадени во 2018 |
| | Барем тројца вработени во ГЛАМ институциите да бидат обучени за уредување на Википедија | **166.6%** | Петмина вработени беа обучени во 2018 г |

**Спроведени активности во 2018 година, по датуми:**

- 18 јануари 2018 година – Отворена панел дискусија: Потребата од дигитализација во 21 век
- 22 јануари 2018 година – Потпишан договор за соработка со Државен архив на РМ
- 12 февруари 2018 година – Потпишан договор со Институт за национална историја



**ГЛАМ МАКЕДОНИЈА**, Ул. „Будимпештанска“, бр. 33Б, 1000 Скопје
+389 (0)78 416 754 glammacedonia@gmail.com
www.glammacedonia.mk www.wikicamp.mk

- 9 март 2018 година – Потпишан Договор за соработка со Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ Скопје
- 15 август 2018 - Член на Мрежата за финансиска одржливост на граѓански организации
- 7-9 септември 2018 година – Вики Камп во Дојран
- 28 септември 2018 година – Вики прошетка во Археолошки музје Скопје
- 24 октомври 2018 година – Заедничко уредување на тема: „23 Октомври“ празник на Унгарија
- 25 октомври 2018 година – Потпишан договор за соработка со НУ Археолошки музеј на Македонија - Скопје
- 16 ноември 2018 година – Вики конференција за наставници во Охрид



**ГЛАМ МАКЕДОНИЈА**, Ул. „Будимпештанска“, бр. 33Б, 1000 Скопје
+389 (0)78 416 754 glammacedonia@gmail.com
www.glammacedonia.mk www.wikicamp.mk